**РАДИОАМАТЕРСКИ СОЈУЗ**
**НА МАКЕДОНИЈА**

Градски ѕид блок 5 П.Фах 14
1000 Скопје, Република Македонија

**RADIOAMATEUR SOCIETY**
**OF MACEDONIA**

Gradski zid blok 5 P.O. Box 14
1000 Skopje, Republic of Macedonia

---

Врз основа на член 21 од Статутот, членовите на Собранието на Радиоаматерскиот Сојуз на Македонија, на својата редовна годишна седница одржана во Скопје на ден 20.11.2016 година, донесоа

РАДИОАМАТЕРСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302-202
04.11.2016 год.
СКОПЈЕ

# ДЕЛОВНИК
## за работа на Собранието на Радиоаматерскиот Сојуз на Македонија

## I. О ПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник се утврдуваат следните работи
1.1 Општи одредби
1.2 Начинот на работата на седниците на Собранието на Сојузот
1.3 Правилата за работа на седниците на Собранието на Сојузот
1.4 Начинот на остварување на правата и должностите на претставниците во Собранието на Сојузот
1.5 Начинот на одлучување – усогласување при донесување на ставови, заклучоци и одлуки
1.6 Овластувања и должности на Преседавачот
1.7 Преодни и завршни одредби и други прашања од интерес за работата на Собранието на Сојузот и неговите тела

Член 2

Собранието на Радиоаматерскиот Сојуз на Македонија (во понатамошниот текст: Собранието) работи врз основа на одредбите од Статутот на Сојузот и овој Деловник.

## II. СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

Член 3

Седниците на Собранието се свикуваат согласно одредбите на член 17 и 19 од Статутот на Сојузот.

Дневниот ред и материјалите што ги подготвува Извршниот Одбор на Сојузот, се објавуваат на web страната на Сојузот и се испраќаат најдоцна 7 дена пред одржувањето на седницата на Собранието.

Исклужително, материјалите може да бидат испратени најдоцна 5 дена пред одржувањето на седницата на Собранието. Извршниот Одбор е должен да го извести Собранието за причините поради кои е доцнето со испраѓањето на материјалите

Член 4

Дневниот ред што е предложен со материјалите за седницата на Собранието, се утврдува на самата седница со мнозинство на гласови од присутните претставници (делегати)

Секој претставник може да предложи во дневниот ред да се внесе одредено прашање, но е должен да го образложи предлогот.

Член 5

Седницата на Собранието ја отвара Претседателот на Сојузот. Тој предлага Работно Претседателство од три члена, што од составот на претставниците ги избира Собранието со мнозинство гласови од присутните претставници.

Претседателот на Сојузот по функција е член на Работното Претседателство, односно Претседавач на Собранието.

Во случај на спреченост на Претседателот на Сојузот, со Седницата на Собранието раководи Претседавач што од своите редови го избира Собранието, со мнозинство гласови од присутните претставници

Член 6

За полноправна работа на седницата на Собранието, на предлог на Работното Претседателство, Собранието избира свои работни тела, со мнозинство гласови од присутните претставници:

- Верификациона комисија од Претседател и два члена
- Комисија за разгледување жалби и давање предлози на Собранието по поднесените жалби од Претседател и два члена
- Еден записничар
- Двајца заверувачи на записникот
- Други работни тела согласно укачаната потреба

Членовите на работните тела на Собранието се избираат од редовите на претставниците, со мнозинство гласови од присутните претставници

Работните тела на Собранието од своите редови избираат Претседател – известувач За

известувањето на работните тела по потреба се отвара расправа и се одлучува со мнозинство гласови од присутните претставници

## III.ПРАВИЛА ЗА РАБОТА

Член 7

Кога на седницата се расправа по предложени документи и акти што се однапред доставени, претставниците кои имаат предлози во врска со нив се должни да достават текст на предлогот.

Член 8

Гласањето за донесување ставови, заклучоци и одлуки е јавно, доколку Собранието не одлучи тоа да биде тајно.

Јавното гласање се врши со кревање на рака или со поединечно изјаснување на секој од присутните претставници.

Тајното гласање се врши под раководство на Изборна Комисија. Таа подготвува гласачки ливчиња, ги прегледува истите по гласањето и поднесува извештај на Собранието.

Член 9

На седниците на Собранието задолжително се води записник.

Пред почетокот на седницата, Собранието може да донесе одлука на седницата да се води стенограм, односно седницата да се снима на магнетофонска лента – касета.

Член 10

Седниците на Собранието се јавни.

Јавноста се известува за работата на Собранието на Сојузот преку средствата за јавно информирање: web страна, печат, радио, ТВ и на друг начин.

Претставниците на јавните гласила имаат право да присуствуваат на седницата на Собранието.

## IV. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И ДОЛЖНОСТИТЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ

Член 11

Претставниците на Собранието на Сојузот ги стекнуваат своите права и должности со верификација на мандатот, што го врши Собранието врз основа на извештајот на Верификационата комисија од 3 (три) члена што ја избира Собранието.

Во извештајот на верификационата комисија, задолжително се изнесува вкупниот број на претставници, вкупниот број на радиоаматерски клубови и индивидуални членови кои имаат свои претставници – присутни на сеницата на Собранието.

Член 12

Претставниците во Собранието на Сојузот ги остваруваат своите права и должности на начин утврден со одредбите на Статутот на Сојузот и овој Деловник.

Член 13

Претставниците ги имаат следните права и должности

- Да учествуваат во работата на седницата на Собранието
- Да предлагаат прашања од интерес за развој на Сојузот
- Да даваат предлог формулации на ставови, заклучоци и одлуки
- Да даваат предлози за донесување на документи, акти и амандмани на предложените акти
- Да поставуваат прашања што се однесуваат на работата на Сојузот и неговите органи и тела, на кои по правило се дава одговор на истата седница
- Да бидат информирани за прашања кои треба да ги познаваат поради вршење на функцијата претставник во Собранието, како и да бараат објаснувања и известувања од Извршниот орган и неговите работни тела
- Да работат на остварување на ставовите, заклучоците и одлуките на Собранието на Сојузот

Член 14 Во работата на седницата на Собранието на Сојузот, може да присуствуваат и други поканети на седницата, без право на одлучување

## V. НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ

Член 15

Собранието полноправно работи и одлучува согласно одредбите на член 18 од Статутот на Сојузот, ако присуствуваат повеќе од ½ од претставниците

Одлуките за донесување на Статутот и неговите измени и дополнувања, како и за престанок за работа на Сојузот, се усвојуваат со 2/3 мнозинство на присутните претставници, а сите други одлуки се донесуваат со мнозинство гласови од присутните претставници.

## VI. ОВЛАСТУВАЊЕ И ДОЛЖНОСТИ НА ПРЕТСЕДАВАЧОТ

Член 16

Никој неможе да зборува на седницата пред да добие збор од Претседавачот на седницата на Собранието, кој дава збор по редослед на пријавување на писмени, а потоа и усни пријави на дискусија

Должината на излагањето на дискутантите е ограничена на 5 минути, со право на уште едно јавување до 3 минути.

Во искучителни случаи Претседавачот може да даде предност во дискусијата на реплика и на процедурални прашања.

Член 17

Пред да се одлучува, на седницата се расправа за секое прашање од дневниот ред, врз основа на претходно подготвен и доставен материјал.

Секое прашање се разгледува додека има
говорници. Расправата ја заклучува Претседавачот

Член 18

Во текот на дискусијата, учесниците во расправата неможе да излегуваат од рамките на темата по прашањето што е поставено на дневниот ред.

Доколку говорникот и по повторно предупредување се оддалешува од темата, Претседавачот ќе му одземе збор.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 19

Прашањата што се однесуваат на работата на Собранието, а не се регулирани со одредбите на Статутот или со овој Деловник, се регулираат со посебни одлуки на Собранието.

Член 20

Толкување на овој Деловник дава Собранието на Сојузот

Член 21

Овој Деловник стапува на сила и се применува од денот на донесувањето

Член 22

Со донесувањето на овој Деловник, престанува важноста на сите претходно донесени Деловници за работа на Собранието на Сојузот.

СОБРАНИЕ НА
РАДИОАМАТЕРСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА

Претседател
Звонко Стаменков/Z35W